## Воннаставни активности

Преку воннаставните активности на учениците им се дава можност за разивање на активен ученички живот, зголемување на интересите и способностите и изградување на морално, културно, естетско чувство и желба за здрав психички и физички развој. Учениците можат да развиваат сопствени афинитети кон работи во кои по завршувањето на основното училиште

## Ученички екскурзии и излети

Во текот на учебната година за сите ученици ќе се организира настава во природа за учениците од В одд. Со сместување во Охрид во месец мај, како и еднодневна екскурзија со учениците од III одделение во Кавадарци во месец мај дводневна екскурзија со учениците од VI одделение кој ќе се реализираат низ Источна Македонија со сместување во Струмица во месец Мај и тродневна екскурзија со учениците од IX одделение кој ќе се реализираат низ Западна Македонија со сместување во Охрид. во месец септември. Исто така оваа учебна година че се реализираат и есенски излет во СРЦ Водно во месец септември и пролетен излет во Св.Никита во месец мај.

## Права и обврски на учениците

- Забранета е телесно и психичко малтретирање на ученикот.

- Ученикот има обврска редовно да ја посетува наставата и да ги исполнува планираните обврски и задачи.

- Ученикот може да отсуствува од настава ако родителот го најави неговото изостанување.

- Кон ученикот кој не ги извршува обврските и ги повредува правилата -кодексот на однесување се применуваат педагошки мерки според критериумите од Правилникот за педагошки мерки.

-Ученикот кој покажува значителни резултати во наставата и воннаставните активности се пофалува или наградува според утврдените училишни критериуми во Правилникот за наградување во училиштето.

## Услови за работа

Училиштето располага со три училишни згради во с. Булачани. С. Црешево и с. Раштак со вкупнно 363 ученици. Училиштето во с. Булачани оваа година работи со 9 паралелки од I-Ходд. со вкупно 163 ученици. Во училиштето во с. Црешево има 178 ученици распределени во 9 паралелки од I –IX одд. Во училиштето во с. Раштак има вкупно 22 ученици во две комбинирани паралелки од I-II одделение и III-IV одд.



## Здравствена заштита и воспитание

Активности се планирани на ниво на училиште, а со нив се опфатени сите ученици и вработени. Станува збор за запознавање на учениците со опасноста од разни болести (заразни болести, болест на зависност), вакцинирање, систематски прегледи, контрола на исхраната, стручни предавања и друго



Децата се посебен народ. Децата не се национални и вер-ски војсководители. Тие се народ кој никогаш не извел револуција или контрареволуција, децата не се ни класно ни национално прашање. ДЕЦАТА


ОУ "Наум Охридски"
с. Булачани
Скопје

Phone: 02 25 75 946
Fax: +389 25 75 946
E-mail: nohridski@yahoo.com
E-mail: nohridski@gmail.com


**Министерство за образование и наука на РСМ**



# ООУ НАУМ ОХРИДСКИ

# ГОДИШНА ПРОГРАМА 2022/2023

***ДОБАР УЧЕНИК УСПЕШЕН ЧОВЕК***


с.Булачани
Гази Баба
СКОПЈЕ

Тел: 02 25 75 946
Факс: +389 25 75 946

## *ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА ДИРЕКТОРОТ*

Основна грижа на директорот е да ги оганизира и координира сите процеси во училиштето, да создава поволни услови за непречено одвивање на воспитно-образовна-та дејност, правилен развој на детската лич-ност,



*Елизабета Андова - директор -*

одржување на објектот, хигиенско санитарни услови за зачувување на здравјето на учениците. Директорот обезбедува материјални и финансиски средства и се грижа за правилно, економично и материјално работење. Покрај ова директорот подготвува и реализира оперативна програма за административно-организаторска и педагошко-конс-труктивна работа. Некои од содржините се:

Подготвување на концепција за распределба на наставни предмети;

Изработка на идејна скица на перспективна програма за развој на училиштето;

Увид во годишните глобални тематските и дневните планирања на наставниците;

Увид во одделенските дневници и матичните книги;

Планирање и програмирање на работата на Наставничкиот совет;

Следење, насочување и учество во работата на стручните активи;

Планирање и реализирање на форми на соработка со родителите;

Учество во работата на Училишниот одбор

## МИСИЈА И ВИЗИЈА

**МИСИЈА:** Го поттикнуваме и обезбедуваме индивидуалниот развој на учениците и наставниците, ја развивамесвеста за правата и одговорностите, го негуваме меѓусебното разбирање и почитување на различностите, работиме по високи етички стандарди.

**ВИЗИЈА:** Модерно и ефикасно училиште по мерка на детето. Училиште во кое се прашува и анализира, се мисли и се создава, каде се развиваат индивидуалните и колективните способности на сите субјекти.

**ЦЕЛ:** Стекнување трајни и применливи знаења и оспособување на учениците за целоживотно учење ииндивидуален развој.

## Соработка со воспитно-образовни установи, инс-титуции и организации од областа на културата, стопанството, соработка со

Соработката со други воспитно - образовни установи ќе се оствари преку соработка со основните училишта од општина Гази Баба, градот и пошироко и ќе се одвива во насока на активности кои ги третираат наставата и воннаставните активности како што се натпревари во знаење, ликовни хепенинзи, литературни конкурси и читања и разновидни спортски натпревари.

Во текот на годината ќе се организираат посети на музеи, изложби, театарски и кино претстави. Дел од културно - образовните активности ќе се реализираат во соработка со населението од локалната средина преку реализацијата на програмите на Детската организација на училиштето, организацијата на Црвен Крст и Еколошката програма. Ќе се превземаат и други активности кои се од интерес на училиштето и на локалната средина.



*Ликовна колонија*

## Детска организација

Активностите на детската организација започнуваат од почетокот на учебната го-дина и ќе се реализираат преку одбележување на истиот со свечен прием на децата во I одделение, организиран пречек на Нова Година, посета на кино и театарскипретстави, организирање ,,Априлијада", одбележување на денот на словенските просветители "Св.Кирил и Методиј", "Детска недела", на патрониот празник и на други значајни датуми .



*Пуштање во употреба на сензорна соба*

## Производствена и општествено-корисна

Ќе спомeнеме дел од активностите што се реализираат во училиштето: работни акции, уредување на училиштето и училишниот двор, помагање на стари и инвалидизирани лица, помош за болни лица и слично.

## Проекти

Оваа учебна година училиш-тето е вклучено во ОХО-проектот т.е. Програмата за интеграција на еколошка едукација во македонскиот образовен систем, како и на проектот за Училишни градини, а работи и на спроведување на Програмата за ненасилство во училиштата како и по препораките за развој на мултикултурализмот.

## *ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА СТРУЧНИТЕ СОРАБОТНИЦИ*

Според програмата на стучниот соработник-психолог , педагог и дефектолог:

- Учество во организирање, следење и вреднување на наставата и воннаст. активности;
- Вреднување и следење на воспитно образовната работа во училиштето;
- Следење на напредокот и постигнувањата на учениците;
- Следење и помош на деца со емоционални проблеми, адаптација и социјализација
- Соработка со родители

## Соработка со родителите

Посебно внимание ќе се посвети на соработка со родителите и тоа преку индивидуални средби и разговори, родителски средби, а особено преку програмата за работа на Советот на родители. На ваквите средби и разговори ќе се третираат праша-ња директно поврзани со животот и работата на учениците во училиштето подобрување на условите за работа во училиштето и ученичкиот стандард, исхраната и др.

## Наставен кадар

Наставата ќе ја реализираат соодветни високо-образовани кадри, вкупно 33 наставници, од кои 13 во одделенска и 20 во предметна настава.

## Следење и вреднување на вос.-обр. дејност

Училиштето организира систематска и програмирана активност, која се реализира преку: Наст. совет, Одделенскот совет, стручните активи во училиштето, работата на директорот и психологот. ДПИ исто така врши интегрална евалуација на работата на училиштето, при која ја добивме највисоката оценка-**мн.добар**

## Ученички натпревари

Учениците и оваа учебна година ќе земат активно учество во сите општински, регионални и државни натпревари организирани на ниво на оновни училишта, квизови, хорски мотри, квизови и др.